Уп. бр. 08______

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од **НОВА ЉУБЉАНСКА БАНКА д.д.**, со седиште лоцирано на Трг Републике 2, 1000 Љубљана, Словенија, доставено преку доставено преку Адвокатско друштво Кнезовиќ и соработници, од Скопје, на седницата одржана на ден 15.01.2024 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

1. Се утврдува дека концентрација со која **НОВА ЉУБЉАНСКА БАНКА д.д.**, со седиште лоцирано на Трг Републике 2, 1000 Љубљана, Словенија, ќе стекне единствена контрола над **СЛС ХОЛДЦО, холдинг друштво д.о.о., Љубљана** со седиште на Блајвајзова цеста 30, 1000 Љубљана, Словенија, преку стекнување на издадена основна главнина, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 21.12.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (Комисијата), беше доставено известување за концентрација од **НОВА ЉУБЉАНСКА БАНКА д.д.**, со седиште лоцирано на Трг Републике 2, 1000 Љубљана, Словенија, со која **НОВА ЉУБЉАНСКА БАНКА д.д.**, со седиште лоцирано на Трг Републике 2, 1000 Љубљана, Словенија, ќе стекне единствена контрола над **СЛС ХОЛДЦО, холдинг друштво д.о.о., Љубљана** со

седиште на Блајвајзова цеста 30, 1000 Љубљана, Словенија, преку стекнување на издадена основна главнина.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**НОВА ЉУБЉАНСКА БАНКА д.д.**, (НЛБ) е акционерско друштво и една од финансиските институции во Република Словенија, кое пружа широк спектар на банкарски услуги, вклучувајќи и други финансиски услуги во рамките на групата кои опфаќаат банкарски услуги за население, банкарски услуги за деловниоит сектор и други услуги. Дополнително, НЛБ дава услуги на управување со фондови и пензии, недвижности, инвестициско банкарство, како и други услуги.

НЛБ Групата во Македонија моментално има 2 поврзани друштва[1]:

- НЛБ Банка АД Скопје со седиште на ул. Водњанска бр. 1 Скопје, со ЕМБС 4664531, со приоритетна дејност-друго монетарно посредување, и
- Друштво за лизинг НЛБ ЛЕАСЕ&ГО ДОО Скопје со седиште на ул. Водњанска бр. 1 Скопје со ЕМБС 7628838, со приоритетна дејност финансиски лизинг.

**СЛС ХОЛДЦО, холдинг друштво д.о.о** поседува 100% удел во словенечкото друштво за лизинг СУММИТ ЛИЗИНГ СЛОВЕНИЈА д.о.о., со седиште на: Флајшманова улица 3, 1000 Љубљана („**СУММИТ ЛИЗИНГ**"). СУММИТ ЛИЗИНГ пак поседува 100% удел во хрватската лизинг компанија МОБИЛ ЛИЗИНГ д.о.о., со регистрирано седиште на Ковинска улица 5, Загреб, Хрватска[2].

СУММИТ ЛИЗИНГ е водечки провајдер на автомобилско финансирање во Словенија. СУММИТ ЛИЗИНГ е исто така водечки провајдер на финансии за потрошувачите на продажните места во Словенија.

СУММИТ ЛИЗИНГ нема поврзани друштва на пазарот во Република Северна Македонија, ниту пак остварило било каков приход во 2022 на пазарот во Република Северна Македонија.

---

[1] Комисијата за заштита на конкуренцијата на ден 21.12.2023 година со решение бр.08-169 ја одобри концентрацијата со која НЛБ Склади, управување со средства, д.о.о. , Тиволска цеста 48, 1000 Љубљана, Словенија ќе стекне самостојна контрола директно над Друштво за управување со отворени и затворени инвестициски фондови ГЕНЕРАЛИ ИНВЕСТМЕНТС АД Скопје, бул. Партизански Одреди бр. 14А/1-2, 1000 Скопје, Северна Македонија.

[2] ХХХ (податоците претставуваат деловна тајна)

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. Д-р Владимир Наумовски**